INTERVIEW




# КОСТА МИТРОВСКИ

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА**

# ГЛАСОТ НА БАНКАРИТЕ ОТСЕГА ЌЕ БИДЕ МНОГУ ПОСИЛЕН

# МИТРОВСКИ: КАКО ОСНОВАЧИ НА МБА СЕ ЈАВУВААТ 15 БАНКИ И 2 ШТЕДИЛНИЦИ

**Неодамна беше основана Македонската банкарска асоцијација која ќе функционира како стручен облик на организирање на банкарските институции. Која е целта на оваа Асоцијација и како ќе функционира?**

Како придружен член на Европската банкарска федерација со седиште во Брисел, Здружението на банкарство кое делуваше како стручен облик на организирање во рамките на Стопанската комора на Македонија, имаше неминовна потреба од трансформација во самостоен правен субјект по примерот и искуствата на останатите земји, како од ЕУ, така и од нашиот регион.

Во април годинава се одржа Основачко собрание на Македонска банкарска асоцијација, која ќе функционира како здружение за остварување на заедничките интереси на банките и унапредување на нивното работење а веќе на 27 и 28 мај 2018 во Скопје Македонска банкарска асоцијација Скопје беше домаќин на 46-тиот состанок на асоцијативните членки на Европската банкарска федерација. На состанокот кој го отвори и водеше Вим Мијс, претседател на Европската банкарска ферderација, и на кој присуствуваа претставници на банкарски асоцијации асоцијативни членки и членки на Европската банкарска федерација од повеќе земји – беше поздравено основањето на Македонска банкарска асоцијација. Банкарскиот сектор во Македонија е многу важен за целокупната економија и оттука сметаме дека овој начин на стручно организирање на секторот, преку посебен правен субјект ќе може да даде многу поголем придонес кон развој на регулативата и на многу подобар начин ќе можат да се артикулираат интересите и барањата на банкарскиот сектор.

**Кои се основачи и членови на Македонската банкарска асоцијација?**

Како основачи на Македонската банкарска асоцијација се јавуваат 15-те банки и 2-те штедилници основани во Република Македонија, кои работат согласно одредбите од Законот за банките и поединечните акти донесени од гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Основањето на Македонската банкарска асоцијација како посебно правно лице беше едногласно прифатено од сите банки.

Јас бев едногласно избран за претседател на Македонската банкарска асоцијација во наредниот четири годишен период, а за заменик-претседател беше избран Тони Стојановски, генерален директор за управување со ризици и член на управен одбор на Стопанска Банка АД Скопје.

Инаку, член на Македонската банкарска организација може да биде и правно лице основано од банки во Република Македонија или во нивна сопственост и очекуваме наскоро да ни се приклучат и нови членови.

Во мај годинава се одржа првата седница на Собранието на Македонската банкарска асоцијација на која се утврдија основните белези на асоцијацијата и беа разгледани најактуелните прашања во однос на банкарската регулатива во земјата.

**Дали тоа значи дека банките веќе не се членови на Стопанската комора на Македонија, каде досега функционираше Здружението на банкарство?**

Секоја банка одделно може да биде членка во други здруженија или комори, но Македонската банкарска асоцијација е единственото правно лице и облик на здружување преку кое нејзините членови ќе дејствуваат и ќе ги остваруваат поставените цели и задачи.

**Кои се целите на Македонската банкарска асоцијација?**

Главна цел на новоформираната Македонска банкарска асоцијација е да го унапреди банкарското работење и банкарскиот сектор во земјата, како и да го зголеми веќе значајниот банкарски допринос во националната економија. Како посебни цели на Асоцијацијата се олеснување и унапредување на работењето на банкарскиот сектор, овозможувајќи им на членовите да го зголемат или подобрат нивниот резултат, како и пружање на стручна помош за решавање на тековните проблеми во дејноста, застапување на заедничките интереси на членовите во комуникацијата со Народната банка на Република Македонија и сите останати надлежни органи за проблемите кои се јавуваат како резултат на примената на законите, останатите прописи и мерки во областа на банкарството и финансиите. Понатаму, развој на регулаторната рамка за вршење на дејностите на членовите, делување според принципите на взаемност, професионалност, општествена одговорност и развивање на високи етички стандарди на струката, заштита на заедничките интереси на членовите, подобрување и зголемување на продуктивноста на нивното делување, како и обезбедување на еднакви пазарни услови во однос на другите дејности, со почитување на начелата на самостојност и независност во работењето.




**Како ќе работи и како е организирана новата Македонска банкарска асоцијација?**

Со Македонска банкарска асоцијација ќе управуваат нејзините членови непосредно или преку избраните претставници во органите. Седиштето на Асоцијацијата е во нови простории во кои ќе се реализираат сите активности. Органи на управување се Собранието и Претседателот на Асоцијацијата. Асоцијацијата има и извршен секретар задолжен за организиција на оперативното работење и логистичка поддршка на органите на управување, Комисиите и другите форми на организирање.

Предвидените активности и програмата за работа Македонската банкарска асоцијација ќе ги спроведува преку своите органи, но исто така преку посебни комисии кои се формирани во рамки на Здружението уште со самото негово основање, како Комисија за спречување перење пари и усогласеност со прописи, Правна комисија, Комисија за сметководство, даноци и МСФИ, Комисија за ризици, Комисија за ликвидност, Комисија за платен промет во земјата и странство, Комисија за документарно работење и Комисија за информативна сигурност на банките.

Преку овие комисии ќе се разгледуваат сите прашања во врска со унапредувањето на работењето и решавањето на сите тековни прашања и проблеми во дејноста, ќе се разгледуваат предлози на закони и други прописи и ќе покренуваат иницијативи за донесување и за измени и дополнување на соодветните закони и прописи, ќе работиме на унапредување на бизнис климата во земјата, на унапредување на меѓународната соработка

Членовите на Македонската банкарска асоцијација плаќаат различна членарина во согласност со усвоени критериуми. Но, кога станува збор за донесување на одлуките сите се еднакви, односно сите членови на Собранието на Македонската банкарска асоцијација имаат право

**Банкарскиот сектор во Македонија е многу важен за целокупната економија и оттука сметаме дека преку Македонската банкарска асоцијација, ќе можеме да дадеме многу поголем придонес кон развој на регулативата и на многу подобар начин ќе можат да се артикулираат интересите и барањата на банкарскиот сектор. МБА, чии членки се 15-те банки и 2-те штедилници во РМ, е единственото правно лице и облик на здружување преку кое нејзините членови ќе дејствуваат и ќе ги остваруваат поставените цели и задачи.**



на глас во носењето на одлуките, претставени преку еден свој претставник. Македонската банкарска асоцијација во своето работење ќе се придржува кон начелата на независност, јавност и транспарентност, непрофитност, непартиско делување, иницијативност во јавниот живот, слободно пазарно работење и неограничување на конкуренцијата.

**Какви активности планирате да преземете за развојот на банкарскиот систем или каква корист ќе имаат банките од членувањето во оваа Асоцијација?**

Прво, сите банки организирани преку Асоцијацијата ќе имаат многу поголемо влијание и придонес при донесувањето и уредувањето на регулативата која го регулира нивното работење. Преку ова Здружение, гласот на банкарскиот сектор, кој е многу важен за развојот, ќе биде многу посилен.

Македонската банкарска асоцијација ќе ги промовира своите цели и задачи и ќе придонесува за развој на свеста за професионални и етички прашања поврзани со банкарството и банкарскиот сектор, вклучувајќи и развој на финансиската едукација на клиентите, преку организирање конференции, советувања, едукативни настани, работилници, кампањи, јавни акции, изложби и други настани.

Во врска со финансиската едукација, на втората седница на Собранието беше донесена одлука нашата асоцијација да учествува во Европскиот квиз за пари– проект на Европската банкарска федерација за едукација на ученици од 13 до 15 години.

Понатаму ќе се воспостави директна соработка со релевантни научни и стручни организации и институции, како и сродни здруженија, асоцијации и нивни членови во земјата и во странство, обука на банкарски работници и регрутирање, промоција и развој на квалитетни човечки ресурси преку развивање на волонтерска пракса, издавање на книги, брошури, прирачници и други стручни публикации и слични периодични изданија, редовно известување на јавноста за работењето, соопштенија за тековните активности и програмските задачи преку посебна интернет страница со ажурирани податоци, како и користење на Вас медиумите. ■■■

**Коста Митровски е Главен извршен директор и претседател на Управниот одбор на УНИ Банка АД Скопје. Во 2013 година г-дин Митровски е награден со престижната награда од Оксфорд, Англија, за менаџер на годината.**
**Покрај својата позиција во Банката г-дин Митровски во март 2016 година е избран за претседател на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија, а во април 2018 година на основачкото собрание на Македонската банкарска асоцијација едногласно е избран за претседател на асоцијацијата со мандат од четири години.**